РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-384/2
23-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на продолжението на 55-тата седница одржано на ден 17.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5595/1/1 од 11.12.2019 година оформен по доставена пријава за Градоначалникот на Општина ------------- и овластен градежен инспектор при општината, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што постапил и презема мерки надлежен орган.

Предметот со број 12-5595/1/1 од 11.12.2019 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 11.12.2019 година, поднесена е пријава за Градоначалникот на Општина ------------- и овластен градежен инспектор при општината и оформен е предмет број 12-5595/1 од 11.12.2019 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за непостапување од страна на Градоначалникот на Општина ----------------- и овластен градежен инспектор ------------------------- при општината по пријава за незаконска градба. Имено, согласно наводите во пријавата бесправно е изградена лимена конструкција на државно земјиште на посочена адреса во Скопје од страна на правно лице ------------------ ДООЕЛ со седиште во Скопје, претставувано од сопственикот ---------------------------------, како и непостапување од страна на овластен градежен инспектор во врска со пријава за предметната градба.

Согласно наводите од пријавата, на 21.04.2019 година (недела) на првиот изборен круг за Претседател на РСМ, на дел од парцела изграден е објект од лим кој на 22.04.2019 година (понеделник) објектот да биде целосно затворен, а при тоа се наведува дека просторот каде што е изграден објектот е во сопственост на Република Северна Македонија. Подносителот на пријавата наведува дека по поднесена пријава до Општина ------------------- на закажан прием кај градоначалникот на општината бил препратен кај именуваниот инспектор кој ветил дека ќе биде извршен увид, но до моментот на поднесување на пријавата увид на местото на градбата не бил извршен, па со цел спречување на евентуална злоупотреба и присвојување на општествен имот, подносителот се обратил до ДКСК.

Со дополнување на пријавата, подносителот ја известил ДКСК дека има поднесено жалба до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, која е доставена во прилог, како и копија од барањето на инспекторатот до општината да постапи по неговото барање и да ги провери наводите во

претставката, а во рок од 5 (пет) дена да го извести инспекторатот за истото со прилог донесени управни акти.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, а по добиените сознанија дека подносителот на пријавата се обратил и до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, побара од инспекторатот да достави информација за констатираната состојба по предметното барање.

Со доставениот одговор во законски предвидениот рок со прилог бараната документација, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам известува дека постапил согласно своите законски надлежности со достава на барање за известување до Општина ------------ на која истите имаат одговорено со достава на известување. Видно од известувањата доставени во прилог, Општина ---------- во врска со пријавата на подносителот констатира дека странката ----------------------- има поднесено барање за легализација Уп бр. 27-595 од 19.10.2018 година на објект на посочената улица.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека постапил и преземал мерки надлежен орган врз, поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**